Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-3705/4
31.10 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 став (1), точка 14 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет, Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет, на 69-та седница одржана на 31.10.2023 година донесе,

# О Д Л У К А

## За категоризација на билетите и ценовник за билетите за програмите на Национална опера и балет

Член 1

Според позицијата на седење во гледалиштето се утврдуваат три зони:

- партер од 1-ви до 5-ти ред – ПАРТЕР билети
- партер од 6-ти до 13-ти ред (и 14-ти ред од галеријата зависно од настанот) - ВИП билети и
- галерија од 15-ти до 26-ти ред - ГАЛЕРИСКИ билети.

Член 2

Според спецификата на програмата што се прикажува се утврдени следниве цени:

**А)** Претстави во рамките на МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ (свечено отворање и затворање и гостување на комплетен ансамбл), Традиционален концерт по повод празникот ВАСИЛИЦА, ПРЕМИЕРА (и втора изведба доколку е ден подоцна).

Цена: галерија - 800 денари, партер – 1000 денари, ВИП – 1200 денари.

**Б)** Билети за Гала концерти , концерти за празници, обнова, премиера на балет без оркестар, претстави со гостување на ексклузивни - реномирани гости солисти, гостување на оперски и балетски ансамбли и спектакли

Цена: галерија - 600 денари, партер – 800 денари, ВИП – 1000 денари.

**В)** Претстави од редовниот репертоар со поголема сложеност (што подразбира пообемни оперски и балетски претстави со поголем број учесници, редовни гости солисти со оркестар)

Цена 1: галерија - 500 денари, партер – 600 денари, ВИП – 700 денари.

Цена 2: галерија - 400 денари, партер – 500 денари, ВИП – 600 денари.

(со напомена: одлуката за типот цена од оваа ставка ја одредува директорот во консултација со маркетинг секторот непосредно при објавување на месечниот реперотар и пуштање во продажба на билетите во зависност од квалитетот на претставата и нејзината популарност кај публиката)

**Г)** Оперети, опери во еден чин и балетски претстави од редовниот репертоар без оркестар.

Цена: галерија - 300 денари, партер – 400 денари, ВИП – 500 денари.

Цена: галерија - 400 денари, партер – 500 денари, ВИП – 600 денари.

(со напомена: одлуката за типот цена од оваа ставка ја одредува директорот во консултација со маркетинг секторот непосредно при објавување на месечниот реперотар и пуштање во продажба на билетите во зависност од квалитетот на претставата и нејзината популарност кај публиката)

**Д)** Детски претстави

Премиера и обнова - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 400 или 300 денари

Редовни претстави - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 300 или 200 денари

Организирани претстави и генерални проби со публика - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 250, 200 или 150 денари

**Ѓ)** Мала сцена:

Премиера, обнова и гостување - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 400 или 300 денари

Редовни претстави - во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 300 или 200 денари

Организирани претстави и генерални проби со публика во зависност од типот на претставата цените можат да се одредат на износ од 200 или 150 денари.

Член 3

Во зависност од интересот на публиката или компанијата која сака да изврши организиран откуп на билети директорот има право да одреди цени на билети надвор од пропишаните во член 2 од оваа Одлука.

Член 4

За вработените во Националната опера и балет следува 50% попуст од редовната цена на билетите, со претходно одобрување од директорот. Контингентот со вакво повластување се ограничува во зависност од тековната продажба на билетите.

Член 5

Одобрувањето на гратис билети е дискреционо право на директорот. Контингентот со вакво повластување се ограничува во зависност од тековната продажба на билетите.

Член 6

По оценка на директорот ќе се пуштаат во продажба и повластени билети со намалени цени, а за промотивни цели. Контингентот со вакво повластување се ограничува во зависност од тековната продажба на билетите.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Националната опера и балет.

Претседател на Управен одбор

Александар Трајковски